МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCES
Педагошка Служба - Sherbimi Pedagogjik
Скопје - Shkup
Примено: Pranuar: 16 JUN 2026
Орг. Един. Njesia Org. | Број: Numer: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë:

**До**
**Националната комисија за учебници при Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија**

**ПРЕДМЕТ: Извештај на членот известител проф. д-р Слаѓана Брсакоска за наставниот предмет по ФИЗИКА за VIII (осмо) одделение во основно образование**

Согласно одлуката на Националната комисија за учебници, донесена на својата седница одржана на 15.5.2026 година, избрана сум за член известител за наставниот предмет по Физика за VIII (осмо) одделение во основно образование. По разгледување на материјалите доставени од Педагошката служба при Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија на 28.5.2026, 2.6.2026 и 5.6.2026 година по електронски пат, а согласно член 9 и член 14 од Законот за учебници во основно и средно образование, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 3/2025 и 74/2025, го поднесувам следниот

## ИЗВЕШТАЈ
## за наставниот предмет Физика за VIII (осмо) одделение во основно образование

На Конкурсот за учебници во основното образование за наставниот предмет по Физика за VIII (осмо) одделение во основно образование се пријавиле повеќе ракописи.

Бирото за развој на образованието (во понатамошниот текст БРО) доставил стручни мислења за 4 ракописи, со шифри бр. 23, 24, 25 и 26, бр. 26-49/42, 26-49/43, 26-49/44 и 26-49/45 од 18.2.2026 година, потпишани од Маре Бојчовска Савеска, советник и Башким Мислими, раководител на одделение. Мислењата се елаборирани прецизно, детално и темелно и даваат јасна слика на приложениот материјал. За четирите ракописи **БРО има позитивно мислење**, без забелешки, со заклучок дека ги задоволуваат барањата за усогласеност со програмата за овој наставен предмет.

Рецензентската комисија во состав: Проф. д-р Боце Митревски, Природно-математички факултет - Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, член, Проф. д-р Даница Крстовска, Природно-математички факултет - Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, член, и Катица Митовска Христовска, ООУ „Кочо Рацин“ – Центар, Скопје, член, дава стручно сумарно мислење бр. 26-579/3 од 21.5.2026 година. По разгледувањето на приложените ракописи и детална анализа на истите, согласно методологијата за вреднување, мислењето на рецензентската комисија за ракописите со шифра бр. **23 и 25 НЕ Е ПОЗИТИВНО** и за овие ракописи според член 14 став 8 од Законот за учебници во основно и средно образование, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 3/2025 постапката се прекинува. Како образложение нема конкретни забелешки, туку е само приложено бодувањето на овие ракописи.

За ракописите за учебник со **шифри бр. 24 и 26** Рецензентската комисија се изјаснила дека тие делумно ги задоволуваат барањата согласно методологијата за вреднување ракопис. Во прилог доставуваат бодување на овие ракописи.

Рецензентската комисија од ракописите со шифри 24 и 26 едногласно го предлага ракописот со бр. 26 за учебник по предметот **Физика за VIII (осмо) одделение во основно образование**.

На 3.6.2026 година, Рецензентската комисија доставува допис до Педагошката служба при Министерството за образование и наука во кој забележуваат дека ракописот со шифра бр. 26 иако најдобар од приложените четири ракописи, сепак треба да се коригира. На 5.6.2026 година, доставуваат забелешки за овој ракопис од општа, техничка и стручна природа кои бараат да се коригираат.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно од напред изнесеното, земајќи ги во предвид мислењата на Бирото за развој на образованието и на Рецензентската комисија, на членовите на Националната комисија за учебници како член известител за наставниот предмет по **Физика за VIII (осмо) одделение во основно образование** им предлагам да ги прифати извештаите на бирото за развој на образованието и на рецензентската комисија, ракописите со шифра бр. 23, 24 и 25 да не ги прифати за учебник, **А РАКОПИСОТ СО ШИФРА БР. 26 ДА ГО ВРАТИ НА ДОРАБОТКА И ДА ГО ПРИФАТИ ЗА УЧЕБНИК ОТКАКО ЌЕ СЕ ИЗВРШИ КОРЕКЦИЈА НА ЗАБЕЛЕШКИТЕ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА.**

Скопје, 15.6.2026 година

Известител,
Проф. д-р Слаѓана Брсакоска